

ИЗЛОЖБА

# Првата национална поставка

Изложбата, која од самиот почеток (август, 1999) беше многу помпезно најавувана, конечно, се случи и македонската јавност ја доби првата постојана поставка, која претставува пресек на досегашното творештво на македонските уметници. Импозантната бројка од околу 200 дела - 11 икони, делата на македонските зографи и на повеќе од шеесетина современи автори, кои оставиле своја трага во македонската уметност, зборува во прилог на монументалноста на овој проект.

**По повеќемесечни подготовки, најавувања и откажувања, на 7 мај во Уметничката галерија „Скопје" беше отворена првата национална ликовна поставка**

Самата изложба претставува дидактички обид да се прикаже севкупната македонска ликовна уметност од иконосликарството до деведесеттите години од овој век (најновото дело е од 1995 година), како и на современата македонска скулптура. Со тоа се отвораат можности за преиспитување на вредностите. Концепцијата на изложбата е во вообичаените рамки - во посебни простории се презентираат различни периоди (или стилови), од постари дела (икони) се движи кон понови (слики и скулптури), кои треба да го прикажат развојниот пат на уметноста, во согласност со современите уметнички текови, но и нејзината „неизбежна" поврзаност со традицијата.



Изложените икони (14-19 век) се на Михаил и Евтихиј, Јован и Макариј и на мијачките зографи од времето на преродбата. Уметноста меѓу двете светски војни е претставена преку делата на основоположниците - Лазар Личеноски, Никола Мартиноски, Димитар Пандилов Аврамовски, Вангел Коџоман и Љубомир Белогаски.

Современиот израз, кој се темели врз македонското предвоено сликарство, го развиваат: Петар Мазев, Спасе Куновски, Димитар Кондовски и други. Современата македонска уметност (1960-1980), која инсистира на апстрактно сликарство, е одбележана со мноштво значајни автори. Претставници на македонската скулптура се: Димо Тодоровски, Петар Хаџи Бошков, Јордан Грабул, Стефан Маневски и други. Од периодот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години, време на големи пресврти во севкупната уметничка сфера, покрај веќе реномираните уметници, се претставени: Јован Шумковски, Благоја Маневски, Славчо Соколовски, Жанета Вангели, Анета Светиева, Петре Николески, Глигор Стефанов и Станко Плавески.

Застапеноста на современите автори се базира врз нивните веќе признати уметнички квалитети, заслуги за внесување битни елементи од современите светски уметнички текови и инвентивни поместувања во македонската ликовна сцена. Бројот на дела од еден автор не е секогаш прецизиран и тој зависи од значењето на делата според различните фази на авторот. Во повеќето случаи, изложени се дела во кои најевидентен е квалитетот и кои се однесуваат на неговата најуспешна фаза. Но, најверојатно, поради недостаток на специфични дела и слично, се отстапува од ова правило, што може да се смета за недостаток на оваа изложба.

И покрај импозантната бројка на автори и дела, комплексноста на идејата е нарушена со чувството на недостаток. Покрај сите тие значајни (со нагласок - за македонската уметност) слики и скулптури, не може да се занемари фактот дека на оваа изложба недостасуваат дела од применетата уметност. Дали, според организаторите, графиката, цртежот, керамиката не се „национални" или, пак, се помалку битни? Како и да е, пропустите од овој вид забележливо го намалуваат целосниот позитивен впечаток од изложбата. Кога веќе толку долго се чекаше на првата постојана национална поставка, таа требаше да биде комплетна. Но, не е.

Маја ЧАНКУЛОВСКА